Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 289/0306
22.12. 2023 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од Илија Милчиноски го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Експрес.мк со текстот насловен „Јотова за Македонија: Јазикот на омразата и злобата кон сè бугарско повеќе не се билатерално прашање, туку европско“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14 ноември 2023 година, лицето Илија Милчиноски поднесе жалба за текст со наслов „Јотова за Македонија: Јазикот на омразата и злобата кон сè бугарско повеќе не се билатерално прашање, туку европско“, објавен на 14 ноември 2023 на интернет порталот Експрес.мк (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: Гоцор на омраза, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар.

Исто така жалителот посочува дека „За жал сме бомбардирани со вакви вести во медиумите ставови тзј спорната содржина кој кој често политичар од соседна држава дискриминираат и ни \"делат лекции \"и имаат навредувани ставови кон нас веќе со ова се претерува со изјавите како спорната содржина не се внимава воопшто со ова. За спорната содржина сметам дека е дискриминирачки навредува не само цела држава тука сите не навредува и вакви или слични вест е претеризам во медумите кој се надевам дека ќе престане кој за жал моето лично мислење тешко да се случи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Експрес.мк побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не достави одговор за наводите на Илија Милчиноски.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда по основ на жалбените наводи на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за пренесена изјава на потпретседателката на Бугарија, Илијана Јотова, од страна на медиумот.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595